

КАРПОШ

неделен
Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
13 - 19 октомври 2026 Билтен бр. 656

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДОБРУВАЊЕ СУБВЕНЦИИ НА ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФИЛТРИ НА ОЏАЦИТЕ ВО ДОМАЌИНСТВАТА

Јавен повик за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за поставување на филтри на оџаците во домаќинствата.

Јавниот повик трае 60 дена од денот на објавување или до исцрпување на средствата.
Линк до повикот □□ https://shorturl.at/zZa0u
Барање за субвенции □□ https://shorturl.at/7n4pA
Изјава □□ https://shorturl.at/fnhNP



ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И

Јавен повик за изготвување и реализација на проекти од областа на животната средина и природата и енергетската ефикасност.

Рокот за поднесување на пријави е 10 дена од денот на објавување на повикот.
Линк до повикот □□ https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Јавен-Повик-за-изготвување-на-проекти-од-областа-на-животната-средина-2026.pdf



НАМАЛЕНИ РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ – ПОБЕЗБЕДНА СРЕДИНА ЗА СИТЕ

По повод Светскиот ден за намалување на ризикот од катастрофи, а во рамки на одбележувањето на 50-годишниот јубилеј на Општина Карпош, во спортската сала „Наум Наумовски–Борче“ се одржа едукативна презентација посветена на значењето на превенцијата, подготвеноста и навременото постапување при ризици од катастрофи. На настанот присуствуваа околу 150 учесници од основни и средни училишта, како и студенти, кои имаа можност да се запознаат со основните принципи на превенција и намалување на ризиците, како и со значењето на личната и колективната одговорност во ситуации на потенцијална опасност. Преку ваквите едукативни активности се поттикнува развојот на култура на превенција, особено кај младите, со цел тие да стекнат знаења и вештини кои можат да бидат од особено значење во услови на вонредни ситуации. Општина Карпош, преку Одделението за заштита и спасување, континуирано реализира вежби, обуки, едукативни предавања и други превентивни активности насочени кон унапредување на подготвеноста за справување со различни ризици. Информирана, подготвена и одговорна заедница е најважниот чекор кон намалување на ризиците и заштита на човечките животи.



ОПШТИНА КАРПОШ ГО ПРЕДАДЕ УПРАВУВАЊЕТО СО БАЗЕНОТ „ПАРТИЗАН“ НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА

Општина Карпош денеска изврши официјално примопредавање на училишниот базен „Партизан“ на Националната пливачка федерација на Република Македонија, која во иднина ќе биде одговорна за управувањето, функционирањето и организацијата на активностите во спортскиот објект.
На примопредавањето присуствуваа градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски, министерот за спорт Борко Ристовски и претседателот на Националната пливачка федерација Сашо Лазаревски.

Градоначалникот Лукровски истакна дека примопредавањето е еден од значајните чекори за Општина Карпош во годината кога се одбележуваат 50 години од нејзиното основање, нагласувајќи дека приоритет ќе имаат најмладите.
„Верувам дека токму тука многумина ќе ги направат своите први пливачки чекори, ќе го засакаат спортот и еден ден ќе прераснат во вистински шампиони. Овој базен го предаваме во рацете на Националната пливачка федерација, со уверување дека ќе биде ставен во функција на децата, спортот и граѓаните.“
Министерот за спорт Борко Ристовски посочи дека целта е пливањето повторно да добие заслужено место меѓу приоритетните спортови и дека управувањето со спортските објекти од страна на стручни спортски федерации е чекор во вистинска насока.
Претседателот на Националната пливачка федерација, Сашо Лазаревски, најави дека покрај работата со спортските клубови и подготовката на пливачите, Федерацијата ќе организира и бесплатни обуки за учениците од основните училишта во Општина Карпош.



ЗДРАВИТЕ НАВИКИ ГРАДАТ ЗДРАВИ ЛИЧНОСТИ

Под мотото „Здрава храна за силна енергија“, во градинката „Мајски Цвет“ денеска беше одбележан Светскиот ден на храната. На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој ги поздрави дечињата од јавните детски установи на територијата на Општина Карпош, како и нивниот воспитно-образовен и технички кадар. Во своето обраќање, градоначалникот Лукровски истакна дека создавањето здрави навики кај децата од најрана возраст е важен предуслов за нивниот правилен раст и развој, но и за градењето здрави и одговорни личности во иднина. „Стекнувањето здрави навики од најмала возраст, освен што е важно за правилниот раст и развој на децата, значајно е и за создавањето култура на грижа за сопственото здравје.

Преку дисциплина и одговорен однос кон здравјето, децата уште од најрана возраст ги усвојуваат вредностите кои ќе им помогнат да израснат во здрави и одговорни личности – како кон себе, така и кон општеството“, нагласи градоначалникот Лукровски. Во рамки на одбележувањето, преку видео-презентација беа претставени дел од активностите што ги реализираат најмалите карпошани во градинките, преку кои на практичен и забавен начин учат за значењето на здравата исхрана и стекнувањето здрави животни навики.



ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕШЕНИЈАТА ЗА ДАНОК НА ИМОТ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош ги информира граѓаните дека Град Скопје започна со дистрибуција на решенијата за данок на имот за даночните обврзници на територијата на Општина Карпош. Граѓаните кои сè уште го немаат добиено решението за данок на имот, како и граѓаните кои имаат дополнителни прашања во врска со даноците, дека можат да се обратат во Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци во Општина Карпош.

Телефон за информации: 3055-942

Вработените во Даночното одделение им стојат на располагање на граѓаните за дополнителни информации, појаснувања и помош во врска со решенијата за данок на имот.



СИЛНИ ЖЕНИ СО ПРЕТПРИЕМАЧКИ ДУХ – ЗА ПОГОЛЕМ БИЗНИС РАЗВОЈ НА КАРПОШ

Во Општина Карпош денеска се одржа конститутивната седница на Локалниот совет за женско претприемништво, со што и официјално започнува работата на ова тело, чија цел е да придонесе кон унапредување на женското претприемништво и создавање нови можности за жените претприемачки од Карпош.
На седницата, преку демократско гласање, за претседателка на Локалниот совет за женско претприемништво беше избрана Елизабета Јамандиловска, дипломиран професор по англиски јазик и судски преведувач, со повеќе од 30 години професионално искуство во приватниот сектор. За потпретседателки беа избрани Билјана Караманолеска, со долгогодишно искуство во водењето бизниси од различни области, и Благица Цветановска, членка на Советот на Општина Карпош, со професионално искуство во приватниот сектор.

На конститутивната седница присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој ја поздрави иницијативата и истакна дека локалната самоуправа ќе биде партнер и поддршка за жените претприемачки. „Горд сум што токму во Општина Карпош се создава тело чија задача ќе биде да го поттикнува женскиот претприемачки дух и да мотивира што поголем број наши сограѓанки од приватниот сектор да се вклучат во оваа иницијатива. Верувам дека преку соработка можеме да го унапредиме женското претприемништво, но и да придонесеме кон надминување на предизвиците со кои се соочуваат жените претприемачки. Како локална самоуправа, секогаш ќе бидеме тука да обезбедиме институционална и логистичка поддршка секогаш кога тоа ќе биде потребно.



„РОЗОВ ОКТОМВРИ“ ВО ОПШТИНА КАРПОШ – ЗАЕДНО ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА РАКОТ НА ДОЈКАТА

Во Општина Карпош, се одржа едукативен настан посветен на кампањата „Розов октомври“, чија цел е подигнување на свеста за ракот на дојката, важноста на навременото откривање и грижата за сопственото здравје. На почетокот на настанот, присутните ги поздрави градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој ја истакна важноста на здравствената едукација и превенцијата, нагласувајќи дека Општината и во иднина ќе продолжи да поддржува вакви иницијативи од значење за здравјето и благосостојбата на граѓаните.

Настанот привлече бројна публика, а особено радува големиот број присутни жени кои со своето учество покажаа дека за оваа важна тема треба да се зборува отворено, гласно и без предрасуди. Преку едукативното предавање на д-р Катерина Китановска, примариус специјалист по радиодијагностика, присутните имаа можност да добијат значајни информации и корисни совети за превенцијата, редовните прегледи и важноста на раното откривање на ракот на дојката.

Посебен белег на настанот беше активната интеракција меѓу публиката и докторката. Големиот број прашања, отворената дискусија и споделените совети придонесоа за подетално информирање и поголема свесност за значењето на навремената грижа за здравјето.

